СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
Примен: 16-10-2019
| орг.еди. | број | прилог | вредност |
|---|---|---|---|
| 02 | 17839/1 | | |

Архивски знак: 0201
Рок на чување: Т
Потпис,
____20__ година

**До**
**Стопанска банка а.д. Битола**
**Ул. Добривое Радосављевиќ бр.21**
**7000 Битола**

**Предмет:** Предлог за именување член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола

Почитувани,

Акционерите, Друштвото за превоз, промет и услуги РУЛЕ-ТУРС ДОО експорт -импорт Скопје со седиште на ул. Никола Карев бр.20 Скопје со ЕМБС 4376617, акционер кој поседува 15966 акции, што во процент претставува 4.08 % во Стопанска банка а.д. Битола и Сергеј Самсоненко акционер кој поседува 19500 акции, што во процент претставува 4.98% во Стопанска банка а.д. Битола, согласно одредбите на Законот за трговските друштва врз основа на објавениот повик за свикување на Собранието на Стопанска банка а.д. Битола, за член на Надзорен одбор ја номинираат Гордана Темелковска - Костовска од Скопје.

Во прилог на овој предлог акционерите, Друштвото за превоз, промет и услуги РУЛЕ-ТУРС ДОО експорт - импорт Скопје и Сергеј Самсоненко доставуваат податоци за номинираното лице, краток опис на професионалните квалификации, работно искуство и останати податоци наведени во кратката биографија за номинираниот кандидат, која ја доставуваме во прилог на овој предлог.

Воедно, во прилог доставуваме:

- Извод од ЦДХВ за сопственост на акции за акционерот РУЛЕ-ТУРС ДОО експорт - импорт Скопје и за акционерот Сергеј Самсоненко не постар од 3 (три) дена;

- последна тековна состојба за РУЛЕ-ТУРС ДОО експорт - импорт Скопје, не постара од 7 (седум) дена;

- лична карта или пасош на законскиот застапник на РУЛЕ-ТУРС ДОО експорт - импорт Скопје (во фотокопија)

- лична карта или пасош на акционерот Сергеј Самсоненко (во фотокопија)

Скопје, 10.10.2019 година

РУЛЕ-ТУРС ДОО експорт - импорт Скопје

Управител,

Друштво за превоз, промет и услуги РУЛЕ-ТУРС ДОО експорт-импорт Скопје

Сергеј Самсоненко

| Податоци за номинираниот кандидат за член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола | |
|---|---|
| Име и презиме | Гордана Темелковска Костовска |
| Возраст (датум на раѓање) | 22.04.1967, Скопје – 52 години |
| Пол | женски |
| Адреса на живеење | ул. Петар Дељан бр.5-2/32 Скопје |
| Образование | **2002-2004 година**<br>Магистерски студии по економски науки и меѓународна трговија (Светска Трговска Организација) со меѓународен маркетинг - Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје<br>**1985-1990 година**<br>Економски факултет / Финансии и Маркетинг -Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје |
| Работно искуство | **Јули 2013 - денес**<br>РУЛЕ ТУРС доо Скопје<br>Директор на Сектор за финансии<br>**Август 2005 -јули 2013 година**<br>ААМ – Адриа Ервејс Македонија Скопје<br>Директор на Сектор за финансии<br>**2000 -2005 година**<br>Агрохемија Комерц Скопје<br>Финансов директор /Директор на Сектор за финансии, маркетинг и меѓународна трговија<br>**1993-2000 година**<br>РАДОМАК доо Скопје<br>Финансов директор/ Директор на Сектор за финансии, маркетинг и меѓународна трговија<br>**1992-1993 година**<br>Марсониа Комерц доо Скопје<br>Сектор за финансии |
| Професионални и други квалификации | Поседува 27 години работно искуство во финансискиот сектор од кое 20 години работи како финансов директор<br>- Поседува лиценца за Овластен сметководител издадена од Министерство за финансии со број 12-40247/2 од 31.12.2012г./ИСОС Скопје со број 0100418 од 05.10.2016 |
| Број на акции кои ги поседува во Банката и во други друштва | Не поседува акции во Банката<br>Поседува 100% удел во Трговско Друштво ГОРВИК дооел Скопје |
| Заеми и други обврски кои ги има кон Банката | Нема заеми или други обврски кон Банката |

Гордана Темелковска Костовска е дипломиран економист, магистер по економски науки.

Својата професионална кариера ја започнува во 1992 година во Друштвото Марсонија Комерц Скопје но само по една година преоѓа во ТД РАДОМАК доо Скопје како раководител на сектор за финансии, а подоцна и финансов директор на секторот за финансии каде е на таа работна позиција до 2000 година, потоа преоѓа во ТД Агрохемија Комерц Скопје каде ја има истата позиција се до 2005 година и потоа од 2005 до 2013 преоѓа во Адриа Ервејс Македонија – Скопје и работи како менаџер и директор на секторот за финансии во делот на авијацијата. Од 16 јули 2013 година е назначена за директор на Оддел за финансии и сметководствени работи во Руле Турс доо Скопје до денес.

Поседува лиценца за работа за вршење работи на финансии и сметководствени работи. Покрај оваа лиценца поседува и лиценци за работа во Microsoft Office – Excel.